Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 555/0306
02.12 20 19 год
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 28 ноември 2019 година, врз основа на примена жалба од Здружение „Хера – Асоцијација за здравствена едукација и истражување“ и Здружение „Заедно посилни“, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

## ЖАЛБАТА СЕ ОТФРЛА КАКО НЕОСНОВАНА

**Весникот „Нова Македонија“, со текстот насловен „Македонија меѓу топ десет земји според бројот на новозаразени со ХИВ“ не ги прекршил професионалните и етички стандарди**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 13 ноември 2019 година, здруженијата „Хера – Асоцијација за здравствена едукација“ и „Заедно посилни“, поднесоа жалба за текстот „Македонија меѓу топ десет земји според бројот на новозаразени со ХИВ“, објавен на 26 октомври 2019 година на веб-страницата на весникот „Нова Македонија“ (www.novamakedonija.com.mk).

Во жалбата се наведува дека медиумот објавил погрешни и сензационалистички информации кои водат кон дезинформирање на јавноста и се во насока на ширење неоснована паника. Подносителите на жалбата сметаат дека „Нова Македонија“, повикувајќи се на извештај од УНАИДС, објавила статија со невистинит и заведувачки наслов и дека авторот погрешно пренел информација дека нашата земја се наоѓа на првите десет места во светот, според бројот на новоинфицирани (новозаразени) со ХИВ.

Здруженијата забележуваат дека во текстот на весникот се помешани драстично различни поими, односно поимот новооткриени (новодијагностицирани) со поимот новоинфицирани (новозаразени).

Според здруженијата „ХЕРА“ и „Заедно посилни“, првиот поим се однесува на нови дијагнози, откривање на веќе постоечки случаи на ХИВ, односно на лица кои што не се свесни за својот ХИВ позитивен статус, додека вториот, наведен во статијата, се однесува на настанување на нови инфекции, односно ширење на инфекцијата со ХИВ.

*„Помешувањето на соодносот изразен како процент (т.е за колку проценти се зголемил бројот на нови дијагнози во периодот 2010-2018 во однос на бројот на нови дијагнози во целиот претходен период до 2010) се апсолутниот број (т.е како што целосно погрешно наведува статијата „Македонија меѓу топ десет земји според бројот на новозаразени со ХИВ“,* се посочува во поднесената претставка.

Подносителите на жалбата, меѓу другото, наведуваат дека од „Нова Македонија“ побарале да објави исправка на веста и да упати јавно извинување, но дека тоа медиумот не го сторил.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со весникот „Нова Македонија“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Медиумот одговори на наводите на жалителот.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

Од „Нова Македонија“ сметаат дека жалбата е неоснована и ги отфрлаат наводите на жалителот дека текстот е сензационалистички и со неточни информации. Посочуваат дека во текстот не се манипулира со никакви изрази, туку се пренесеува извештај на Обединетите Нации, во кој јасно преку графици е претставен бројот на новоинфицирани лица во периодот од 2010 до 2018 година. Медиумот нагласува дека не може да биде одговорен за податоци објавени од Обединетите Нации и затоа, како што посочува, реакцијата на „Хера“ требало да биде испратена до Комисијата за борба со ХИВ во ОН, кои го изготвиле извештајот.

*„Во првичниот наш контакт со одговорните во „ХЕРА“, пред воопшто и да ја објавиме веста, тие воопшто и не беа запознати дека излегол некаков извештај на ОН, за пдооцна да го толкуваат и да изразат зачуденост од бројките. Согласно новинарските стандарди, сето она што ни го кажаа од „ХЕРА“ беше вклучено во нашиот првичен текст“*, се вели во одговорот на новодите на жалителот.

Од „Нова Македонија“, меѓу другото, наведуваат дека спротивно на тврдењата на жалителите, медиумот ја објавил реакцијата на „ХЕРА“ и во изданието на весникот и на интернет – порталот. Во прилог на одговорот на жалбата, од „Нова Македонија“ посочија и линкови од каде што се користени информациите за текстот.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **НЕОСНОВАНА** и дека нема прекршување на Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 28 ноември 2019 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорната содржина.

Комисијата, најнапред, утврди дека се работи за текст кој произлегува од јавниот интерес и кој пренесува извештај на Агенцијата за борба со сидата при Обединетите нации (УНАИДС) во врска со состојбата со новозаразени со ХИВ во Македонија.

Без да навлегува во стручно толкување на поимите новооткриени (новодијагностицирани) и новоинфицирани (новозаразени), на чие терминолошко мешање од страна на весникот реагира подносителот на претставката, Комисијата оцени дека „Нова Македонија“ не отстапила од етичките и професионални стандарди.

Членовите на Комисијата не се надлежни да ги утврдуваат фактите наведени во текстот и според тоа, немаат право да констатираат евентуална морална одговорност кај медиумот.

Нивна надлежност е единствено да ги утврдуваат етичките и професионални стандарди, кои „Нова Македонија“ во случајов, ги има целосно испочитувано.

Весникот пренесува извештај на Светската организација, во чии рамки е земен став и од Институтот за јавно здравје, како и од самиот подносител на жалбата, „ХЕРА“. Со тоа, медиумот го испочитувал основното новинарско правило да обезбеди најмалку два меѓусебно неповрзани извора. Комисијата не препозна елементи кои упатуваат на сензационализам или свесно манипулирање и дезинформирање на јавноста.

Во исто време, Комисијата заклучи дека „Нова Македонија“ ја објавила и исправката, испратена до весникот од страна на подносителот на жалбата, ХЕРА, во разумна должина и во пристојна форма[1]. На тој начин, медиумот ја заштитил моралната одговорност и својот интегритет.

Одлуката на Комисијата да ја отфрли жалбата како неоснована ја темели на фактот дека весникот „Нова Македонија“ ги испочитувал сите членови од Кодексот на новинарите, кои се во корелација со темата што ја обработува:

***Член 1:*** *„Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. До колку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно“.*

***Член 3:*** *„Новинарот ќе настојува да биде обезбедено објавување на исправка, деманти и одговор во случај кога ќе биде утврдена неточност на информацијата“.*

***Член 8:*** *„Начинот на информирање во случаи на несреќи, елементарни непогоди, војни, семејни трагедии, болести, судски постапки мора да биде ослободен од сензационализми“.*

Комисијата истовремено им препорачува на медиумите при обработка на сензитивни теми да имаат повнимателен пристап кон нив.

---

[1]https://www.novamakedonija.com.mk/makedonija/%D1%80%D0%B5%D0%B0%D0%BA%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%BD%D0%B0-%D1%85%D0%B5%D1%80%D0%B0/

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Лилјана Пецова – Илиеска и Ердем Ахмет.

**Се обврзува весникот „Нова Македонија“ (www.novamakedonija.com.mk) во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595